Предмет**: Покана за учество на дебата**

Почитувани,

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) со задоволство Ве поканува да учествувате на дебатата со наслов **„Состојбата и предизвиците на дискриминација по основ на етничка припадност“**.
Дебатата ќе се одржи на **5 декември 2013 г. (четврток) во 11:00 ч.** во **х. Холидеј Ин,** во Скопје.

На дебатата ќе се дискутира за актуелните состојби во Македонија како и европските искуства и практики во справувањето на дискриминација на етничка основа. Воведни излагања ќе имаат Агим Нухиу, универзитетски професор и член на КЗД и Љуљзим Хазири, програмски директор на АДИ. Настанот ќе го фасилитира Илина Мангова, од ИДСЦС.

Присутните ќе можат активно да се вклучат во дискусија, изнесувајќи ги своите идеи и коментари кои ќе бидат соодветно проследени и кон кои ќе се насочат решенијата во иднина.
Дебатата е дел од активностите на проектот „Од норма до пракса за еднаквост“ кој го спроведува МЦМС во партнерство со Полио плус – движење против хендикеп, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот финансиски е поддржан од програмата Прогрес (2007-2013) на Европската Унија.

Главната цел на проектот е да се придонесе кон почитувањето на еднаквоста, како и да се поттикне борбата против дискриминацијата, преку подигнување на свеста на широката јавност, но и на клучните чинители во општеството. Понатаму, преку проектот ќе се унапредат националните правни инструменти и механизми, со цел да се надминат најголемите предизвици во справувањето со дискриминацијата во пракса.

Ве молиме да номинирате претставник/ци од Вашата институција/организација и да го потврдите учеството на настанот до **среда, 4 декември 2013 г.** на е-маил fsh@mcms.mk.

Вашето присуство ќе го збогати настанот.

За сите дополнителни информации побарајте го Фисник Шабани на тел. 070/632-692 и 02/3088-994.

Прилог: Предлог агенда

Со почит,

Александар Кржаловски
Прв извршен директор

ФШб/ФШб

08-72/47-2013
Скопје, 28.11.2013

Димче Митрески
Извршен директор

Дебата: Состојбата и предизвиците на дискриминација по основ на етничка припадност

5 декември 2013 г. (четврток), 11:00 ч.

Место : х. Холидеј Ин

Дневен ред

11:00 – 11:15	**Регистрација на учесниците**
11:15 – 11:30	**Вовед во дебатата и претставување на проектот „Од норма до пракса“** Илина Мангова, истражувач ИДСЦС
11:30 – 12:00	**Наслов: Домашната законска рамка, политиките и практиките на етничка дискриминација** Лулзим Хазири, Програмски директор на АДИ *Содржина: Прашањата и состојбите на етничката дискриминација во работни односи, образование, пристапот до услугите со јавен карактер. (Не)познавање на концептот (не)дискриминација и мерките за постигнување на реална рамноправност*
12:00 – 12:30	**Наслов: Рамки на функционирањето и улогата на КЗД во борба против етничката дискриминација** Агим Нухиу, универзитетски професор и член на КЗД *Предизвиците на етничка дискриминација;* *Улогата на институциите на системот во борбата против дискриминација на етничка основа, посебно на Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД)*
12:30 – 13:00	**Дискусија**
13:00	**Коктел**

Проектот „**Од норма до пракса**“ е поддржан од Програмата на Европска Унија за вработување и социјална солидарност – ПРОГРЕСС (2007-2013)